Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-493/3

23-11-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-493 од 19.09.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.11.2022 година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ, ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација сторено од [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## О б р а з л о ж е н и е

На 19.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 493/1, од страна на [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, етничка припадност, личен и општествен статус, родов идентитен во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека [redacted] во временски период од 2018 година до месец Мај 2022 година со умисла, во јавноста промовира омраза против маргинализирана група во повеќекратни објави со текстуална содржина и слики на социјалната мрежа Facebook од својот личен профил.

Во претставката е наведено дека објавените текстуални содржини на [redacted] биле предмет на коментари, лајкови, реакции и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа, со што се поттикнало омраза кон ЛГБТИ+ заедницата.

Лицето [redacted] од својот профил на социјалната мрежа Facebook ги објавил следните содржини:

- "Види, види која неозбиљност, цццццц...Па педер у што ќе биде облечен бре!? Па това му је стандардна облека бре...Ма која неозбиљност бре...Дан очекуевте у супермен да биде облечен, ебате бељата, ебате...😂" (14.11.2018)
- "А геј парадава, важи и за педери у душа!? 😂" (21.05.2019)
- "Абе ако си идел на ѓеј парада, може и функција да си добиел, еј! 😂😉" (18.06.2019)

- "Од коа беше ѓеј парадава, кад ми падне сапунче у када кад се бањам, прво се окреќем назад, па зимам сапунче! Шубе бе некако! 😂 " (3.07.2019)
- "ќиќи само не може да ја бојкотира ѓеј парадата! Крв је това, не је вода...😉 " (10.06.2019)
- "Ја служев војска и не ме ни интересира ѓеј парадата! 😂" ( 29.06. 2019)

На 21.05.2022 година, [redacted] на својот личен профил на социјалната мрежа Facebook објавил текстуална содржина: "ВЛАДАТА У ПАНИКА", пропратена со слика на која пишува "Појава на мајмунска сипаница во Европа: Открина кај мажи кои биле интимни со други мажи". Под постот се наведени и следниве коментари: "Majmunska rabota,majmusnka treska", "Gospod da gi kazni uste se gordeat sto se pederi.", "Ne se k'cajte be mamu vi ebem..." , достапни на следните линкови:

https://www.facebook.com/story.php?story_fbid=1460685280974521&id=100010991883239
https://www.facebook.com/story.php?story_fbid=1692474941128886&id=100010991883239
https://www.facebook.com/profile.php?id=100010991883239

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.10.2022 година испрати Известување бр. 08-493/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].

Со оглед на тоа што потенцијалниот дискриминатор не се произнесе, а товарот на докажување согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација беше префрлен врз него и тој не го докажа спротивното, Комисијата ги ценеше како веројатни исклучиво тврдењата изнесени во претставката.

Преку содржината на горенаведените објави произлегува дека лицето [redacted] сторил вознемирување согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на законувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Дополнително лицето овозможило пристап за коментирање на објавите на социјалната мрежа Facebook, со што креирал простор за ширење на возменирувачки говор врз припадниците на ЛГБТ+ заедницата. На тој начин извршил повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа"*

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и ефектот кој е предизвикан од приложените објави, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на ова мислење дека во конкретниот случај [redacted] сторил вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација кон ЛГБТ+ заедницата врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува на [redacted] да ги отстрани спорните содржини и да упати јавно извинување кон ЛГБТИ+ заедницата, во рок од 30 дена од приемот на мислењето. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му препорачува на лицето [redacted] во иднина да се воздржи од објавување содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, како и содржини кои продуцираат вознемирувачка содржина.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
22.11.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]